

Страницата на Александра Бубевска

контакт

# Мајка Тереза јаде пуканки на Биеналето на млади

од Александра Бубевска, НОВА | објавено на: 10-05-2013 13:32:16

SHARE | +1 0 | Tweet 0



Мајка Тереза во високи потпетици, гледа спотови и јаде пуканки, Кензо Танге, заедно со други ликови што асоцираат на контроверзниот проект Скопје 2014, плови на превртен Камен мост во непознат правец, уметник одел на психијатар зашто премногу го сакал Музејот на современа уметност - ова се дел од мотивите на делата на десеттото издание на Биенале на млади, што е отворено во Музејот на современа уметност.

Годинава, темата на Биеналето е солидарноста, 50-годишнината од катастрофалниот скопски земјотрес, актуелните трансфомации што ги преживува градот со проектот Скопје 2014.

Колку младите автори навистина да покажат дека носат свежи и нови идеи ќе процени публиката и критиката. МСУ наскоро треба да го објави и името на победникот на Биеналето, кој како награда на најуспешниот автор му обезбедува самостојна изложба.

На изложбата во МСУ која ќе биде отворена до крајот на месецот учествуваат уметниците: Дарко Алексовски, Весна Аранѓеловиќ, Илина Арсова, Борче Богоевски, Кристина Божурска, Софија Грабулоска и Дарко Талески, Ана Иванова, Ѓорѓе Јовановиќ, Филип Јовановски, Ристо Јосифовски, Михаела Јовановска, Маја Кировска, Горан Менков, Александра Петрушевска, Кристина Пулејкова, Марија Сотировска, Маргарита Симовска, Славица Тошевска, Марко Манев и Андреа Шимбов

Find us on Facebook

Novatv Web

Like 35,298

новинари





Радио Слободна Европа



Македонија

Екстерно тестирање по секоја цена



Вести

ФИФА негира вмешаноста на генералниот секретар



Видео

Кредиторите не се откажуваат од Грција

